ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ВОДОВОД" ц.о.
Ndermarrja publike "VODOVOD" c.o.
Бр.Nr. 05-253/8
21.02.2018 год. viti
КУМАНОВО – KUMANOVE

Друштво за производство, трговија и услуги
АВТО МОТО 2016 ДООЕЛ
Бр. 03-15
21.02.2018 год.
КУМАНОВО

# ДОГОВОР

**За јавна набавка на услуга за технички преглед на моторни, приклучни и специјални возила за потребите на ЈП ВОДОВОД Куманово за период од 1(една) година.**

Склучен на ден 21.02.2018 година помеѓу:

**1.** ЈП ВОДОВОД Куманово, со седиште во Куманово на ул.Фетка Наскова бр. 22 Куманово застапувано од Горан Стојковски, Директор, во понатамошен текст: Договорен орган, и

**2.** Друштво за производство, трговија и услуги АВТО МОТО 2016 ДООЕЛ Куманово со седиште на ул.3-та МУБ бр.2 во Куманово, МБС 7139942 застапувано од Управителот Зоран Златановски , во понатамошен текст: Носител на набавката.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на услуга за технички преглед на моторни, приклучни и специјални возила за потребите на ЈП ВОДОВОД Куманово за период од 1 година , согласно техничката спецификација и прифатената понуда заведена под архивски број 05-253/3 од 09.02.2018 година, согласно одлуката за јавна набавка бр. 05-253/1 од 06.02.2018 год, по оглас бр.2-23/2018, и одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-253/6 од 19.02.2018 година.

Спецификацијата на предметот на набавката е дадена во техничката понуда која со понудата е заведена под архивски број 05-253/3 од 09.02.2018 година, и е составен дел на овој договор.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вредноста на набавката од член 1 на овој договор изнесува 61.112,20 денари со пресметан ДДВ, односно вкупна вредност без ДДВ 51.790,00 денари и ДДВ на износ од 9.322,20 денари .

**Член 3**

Единечните цени се превземаат од првичната понуда заведена под број 05-253/3 од 09.02.2018 година, која е составен дел на овој договор.

Единечните цени се без засметан данок на додадена вредност и се фиксни, непроменливи за целото времетраење на договорот.

**ОБВРСКИ НА НАСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува предметот на услугата да биде извршен на следниот начин : по доставување на сообраќајна дозвола на возилото и присуство на возилото на технички преглед во рок од 1 (еден) ден од денот на доставување налог за технички преглед од овластено лице .

Во колку поради ненавремена услуга од страна на Носителот на набавката ќе предизвикаат штетни последици кај Договорниот орган истиот може да бара и надомест на штета.

**Член 5**

Услугата на предметот на набавката , Носителот на набавката ќе ја врши исклучиво со налог од страна на Договорниот орган.

Налогот од став 1 на овој член го издава Договорниот орган и истиот треба да биде потпишан од овластено лице.

**Член 6**

Налогот на услугата на предметот на набавката ќе содржи : вид на возило и регистерски број на возилото.

Секоја услуга на предметот на набавката од страна на носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадениот налог или ќе биде извршена без налог од Договорниот орган ќе се смета за неважечка , а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Носителот на набавката.

**Член 7**

Доколку носителот на набавката не ја изврши услугата, договорниот органа го задржува правото со претходно писмено известување до носителот на набавката да ја изврши од друг при што евентуалната разлика во цена и останатите трошоци паѓаат на товара на носителот на набавката.

**РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 8**

Договорниот орган се обврзува плаќањето по извршената услуга да го изврши во рок од 60 (шеесет) дена по доставена фактура и пропратна документација во архивата на ЈП Водовод Куманово.

Составен дел на фактурата е испратницата потпишана од двете договорни старни.

**Член 9**

Договорните страни се согласни доколку во текот на траење на договорот се набави ново возило условите предвидени во склучениот договор да важат и за новото возило.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

**Член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е за тоа да ја извести другата договорна страна без одлагање.

**Член 11**

Доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор истиот може да се раскине.

Овој договор може да се раскине и пред истекот на времето и исполнувањето на износот за кој е склучен ако:

- економскиот оператор ги промени цените;
- економскиот оператор не навремено ги извршува услугите;
- квалитетот утврден со договорот отстапува од квалитетот на извршените услуги;
- ако договорниот органт не ги плаќа фактурите во утврдениот рок и
- во други случаи утврдени со Законот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Договорените страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорената страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот договор.

Дополнување и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорени страни.

**Член 13**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 14**

Договорените страни се согласни за се што не е предвидено со овој договор да важат позитивните законски и технички прописи, стандарди и обичаи за набавка на ваков вид на стоки.

**Член 15**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Куманово.

**Член 16**

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по два за секоја договорена страна.

| | |
|---|---|
| Договорен орган | Носител на набавка |
| ВОДОВОД ц.о. VODOVOD c.o. Куманово-Kumanovë | Друштво за производство, трговија и услуги АВТО МОТО 2016 ДООЕЛ Куманово |
| _______________ | _______________ |

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број 2-23/2018 објавен од страна на ЈП Водовод Куманово на ул. Фетка Наскова бр. 22, 1300 Куманово, Р. Македонија, за доделување на договор за јавна набавка на услуги за технички преглед на моторни, приклучни и специјални возила по втор пат со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди ,со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: АВТО МОТО 2016 ДООЕЛ КУМАНОВО

I.2. Контакт информации

- Адреса: УЛ. 3-ТА МУБ БР. 2
- Телефон: 031 433163
- Факс: 031 416 930
- Е-пошта: zoran.zlatanovski@yahoo.com
- Лице за контакт: ЗОРАН ЗЛАТАНОВСКИ

I.3. Одговорно лице: ЗОРАН ЗЛАТАНОВСКИ

I.4. Даночен број: 4017016530675

I.5. Матичен број: 7139942

Архивски знак / Shenja arkivore / Рок на чување / Afati i Ruajtjes / Потпис / Nenshkrimi / 200_ г.

Јавно претпријатие ВОДОВОД ц.о / Ndermarrja publike VODOVOD c.o. / КУМАНОВО-KUMANOVË

| Примено: | 09.02.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 05 | 253/3 | | – |

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | **Патнички моторни возила Марка - тип** | Рег.број | Количина | Цена на Тех. Преглед без ДДВ ( предмет на е-аукција) | ДДВ на Технички преглед | Цена на јавни давачки |
| 1. | Застава | KU 493-AC | 1 | 2019,00 | 363,00 | 1820,00 |
| 2. | Застава | KU 989-AN | 1 | 2019,00 | 363,00 | 1860,00 |
| 3. | Застава | KU 297-AU | 1 | 2019,00 | 363,00 | 1860,00 |
| 4. | Опел | KU 930-BF | 1 | 2019,00 | 363,00 | 2799,00 |
| 5. | Застава | KU 758-BO | 1 | 2019,00 | 363,00 | 1860,00 |
| 6. | Опел | KU 959-CF | 1 | 2019,00 | 363,00 | 3658,00 |
| 7. | Цитроен | KU 105- CS | 1 | 2019,00 | 363,00 | 3280,00 |
| 8. | Цитроен | KU 978- CT | 1 | 2019,00 | 363,00 | 2935,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | **Товарни моторни возила Марка - тип** | Рег.број | Количина | Цена на Тех. Преглед без ДДВ ( предмет на е-аукција) | ДДВ на Технички преглед | Цена на јавни давачки |
| 1. | Фап | KU 927-CB | 1 | 2649,00 | 477,00 | 16907,00 |
| 2. | Фап | KU 537-AH | 1 | 2649,00 | 477,00 | 14695,00 |
| 3. | Фап | KU 992-DG | 1 | 2649,00 | 477,00 | 14645,00 |
| 4. | Фап | KU 314-BC | 1 | 2649,00 | 477,00 | 8438,00 |
| 5. | Рено | KU 851-BR | 1 | 2649,00 | 477,00 | 3192,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Застава Ивеко | KU 281-CF | 1 | 2649,00 | 477,00 | 3212,00 |
| 7. | Ивеко | KU 030-CF | 1 | 2649,00 | 477,00 | 4616,00 |
| 8. | Ивеко | KU 040-CF | 1 | 2649,00 | 477,00 | 4616,00 |
| 9. | Застава | KU 162-BP | 1 | 2649,00 | 477,00 | 2062,00 |
| 10. | Застава | KU 759-BO | 1 | 2649,00 | 477,00 | 1737,00 |
| 11. | Ивеко | KU 020-CV | 1 | 2649,00 | 477,00 | 12145,00 |
| 12. | Ивеко | KU 924-DH | 1 | 2649,00 | 477,00 | 10333,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Приклучно возило-ниско носечка приколка Марка - тип | Рег.број | Количина | Цена на Тех. Преглед без ДДВ ( предмет на е-аукција) | ДДВ на Технички преглед | Цена на јавни давачки |
| 1. | AT | KU 767-CK | 1 | 1505,00 | 271,00 | 1938,00 |
| 2. | Goša | KU 908-AK | 1 | 1505,00 | 271,00 | 14281,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Шесмесечен вонреден технички преглед на товарни моторни возила Марка – тип | Рег.број | Количина | Цена на Тех. Преглед без ДДВ ( предмет на е-аукција) | ДДВ на Технички преглед | Цена на јавни давачки |
| 1. | Фап | KU 314-BC | 1 | 420,00 | 76,00 | / |
| 2. | Ивеко | KU 924-DH | 1 | 420,00 | 76,00 | / |

Вкупна цена без ДДВ за (Патнички моторни возила, товарни моторни возила, приклучно возило-ниско носечка приколка и шесмесечен вонреден технички преглед на товарни моторни возила и без цена на јавни давачки ) изнесува:

Со бројки: 51790,00

Со букви: ПЕДЕСЕТ И ЕДНА ИЛЈАДА СЕДУМСТО И ДЕВЕДЕСЕТ ДЕНАРИ

**Предмет на електронската аукција е вкупната цена без ДДВ на техничкиот преглед без јавните давачки (износот на јавните давачки ќе биде искажан посебно во колона "јавни давачки" и не е предмет на електронска аукција).**

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

**III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, кој е искажан посебно, КОЛОНА 5 изнесува: 51790,00 [со бројки] (ПЕДЕСЕТ И ЕДНА ИЛЈАДА СЕДУМСТО И ДЕВЕДЕСЕТ) [со букви] денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 9322,00.**

**III.2.** Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Се согласуваме сите возила кои договорниот орган евентуално ќе ги набави за времетраењето на договорот, а не се опфатени во техничката спецификација, да ги регистрираме и да извршиме технички преглед по исти цени и услови што ќе бидат утврдени со договорот.

**III.4.**Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
КУМАНОВО

Овластено лице
(потпис и печат)

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*